**ПСИХОЛОШКО-ПЕДАГОШКИ ПРЕГЛЕД**

# РОДИТЕЛСКОТО ПРИФАЌАЊЕ / ОТФРЛАЊЕ И ЕМОЦИОНАЛНАТА ИНТЕЛИГЕНЦИЈА КАЈ АДОЛЕСЦЕНТИ СО И БЕЗ ДЕЛИКВЕНТНО ОДНЕСУВАЊЕ

*Орхидеја ШУРБАНОВСКА*
*Зоран КИТКАЊ*
*Наташа РИСТОВСКА*

Универзитет Св. Кирил и методиј, Скопје, Република Македонија, Институт за психологија, Филозофски факултет

Примено: 28.4.2017
Прифатено: 28.8.2017

## Резиме

**Вовед:** Во овој труд се истражува родителското прифаќање или отфрлање и емоционалната интелигенција кај малолетниците со и без деликвентно однесување.

**Цели:** Целта на овој труд е да се истражи разликата помеѓу родителското прифаќање/отфрлање (од страна на мајката и посебно од страна на таткото) и емоционалната интелигенција помеѓу малолетниците со и без деликвентно однесување, како и поврзаноста на овие две варијабли.

**Методи:** Истражувањето беше спроведено на две групи адолесценти и тоа 30 испитаници кои издржуваат казна затвор за деца и /или воспитна мерка упатување во воспитно-поправен дом, на возраст од 14 до 18 години и 40 испитаници кои се ученици во средно училиште, на иста возраст. Во ова истражување термините малолетници и адолесценти се однесуваат на лица на возраст од 14 до 18 години. Сите испитаници се од машки пол. Беа користени мерните инструменти: Прашалник за родителско прифаќање/отфрлање и UEK 45.

Адреса за кореспонденција:
*Орхидеја ШУРБАНОВСКА*
Институт за психологија, Филозофски факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Скопје, Република Македонија
Е – пошта: surbanovska@yahoo.com

**PSYCHOLOGICAL AND PEDAGOCIAL SURVEY**

# PARENTAL ACCEPTANCE / REJECTION AND EMOTIONAL INTELLIGENCE AMONG ADOLESCENTS WITH AND WITHOUT DELINQUENT BEHAVIOR

*Orhideja ŠURBANOVSKA*
*Zoran KITKANJ*
*Natasha RISTOVSKA*

Ss. Cyril and Methodius University, Skopje, Republic of Macedonia, Institute of Psychology, Faculty of Philosophy

Recived: 28.04.2017
Accepted: 28.08.2017
Original article

## Abstract

**Introduction:** This paper analyzes the parental acceptance or rejection and the emotional intelligence among adolescents with and without delinquent behavior.

**Objectives:** The primary objective of this study is to explore the differences between parents' acceptance/rejection (by mother and father, respectively) and the emotional intelligence among adolescentswith and without delinquent behavior, as well as the correlation between parents' acceptance/rejection (by mother and father, respectively) and the emotional intelligence among minors with delinquent behavior.

**Methods:** The survey was conducted on two groups of adolescents, that is, 30 respondents serving a prison sentence for minors and/or have been imposed an educational measure of referral to an Educational and Correctional Facility aged 14 to 18, and 40 respondents that are secondary school students at the same age. In this research, the terms minors and adolescents both refer to persons aged 14-18 years. All respondents were males. The following measuring instruments were used: Parental Acceptance/

Corresponding Address:
*Orhideja ŠURBANOVSKA*
Institute of Psychology, Faculty of Philosophy, „Ss. Cyril and Methodius“, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
E-mail: surbanovska@yahoo.com


DOI: 10.19057/jser.2017.26

**Резултати**: Малолетниците со и без престапничко однесување значајно се разликуваат во однос на перципирањето на родителското прифаќање (од мајката и од таткото), агресивноста, занемарувањето и неиздиференцираното одбивање. Чувството на отфрленост од родителите е поприсутно кај малолетниците со престапничко однесување отколку кај оние без такво однесување. Исто така, малолетниците со престапничко однесување имаат пониска емоционална интелигенција за разлика од нивните врсници без такво однесување. Пронајдени се позитивни поврзаности помеѓу родителското прифаќање и емоционалната интелигенција.

**Заклучок:** Малолетниците со деликвентно однесување доживеале помало прифаќање и поголемо отфрлање од родителите и имаат пониска емоционална интелигенција од нивните врсници без деликвентно однесување. Генерално, родителското прифаќање е поврзано со повисок степен на емоционална интелигенција.

**Клучни зборови:** *родителско прифаќање/отфрлање, емоционална интелигенција, адолесценти (малолетници) со и без деликвентно однесување.*

Rejection Questionnaire and a Questionnaire for Measuring Emotional Intelligence – 45.

**Results:** Minors with and without delinquent behavior differ considerably in terms of perceiving parental acceptance (by the mother and by the father), aggressiveness, neglect and undifferentiated rejection. The feeling of being *rejected* by the parents is more common among minors with delinquent behavior than in those without such behavior. Furthermore, minors with delinquent behavior have lower emotional intelligence compared with their peers without delinquent behavior. Positive associations were found between parental acceptance and emotional intelligence.

**Conclusion:** Minors with delinquent behavior have experienced lower acceptance and higher rejection from the parents and have lower emotional intelligence than their peers without delinquent behavior. In general, parental acceptance is associated with higher emotional intelligence.

**Key words:** *parental acceptance/rejection, emotional intelligence, adolescents (minors) with and without delinquent behavior*

## *Вовед*

Периодот на адолесценцијата е фаза од животот во која силната поврзаност на родителот и детето е од суштинско значење за нормален развој на адолесцентите, и биолошки и психолошки, но тоа исто така може да биде период што е вознемирувачки за семејното функционирање (1). Истражувањата покажаа ако е слаба врската на детето со родителот, се зголемува веројатноста за ризичното однесување. Од друга страна, ако е силна оваа емотивна врска, се намалува веројатноста за појава на проблематично донесување (2). Многу истражувања (3) покажуваат дека емоционалната интелигенција е лична карактеристика која се развива од родителската врска со детето. Од родителската топлина и од прифаќањето се очекува да се изгради поголема емоционална компетентност, за разлика од родителската агресија, рамнодушност и неиздиференцираното отфрлање. Психолозите сметаат дека

## *Introduction*

The period of adolescence is that phase of life when strong parent-child attachment is essential for the normal development of adolescents, both biologically and psychologically. But it can also be a period that is disruptive for family functioning (1). Studies have shown that if the bond with the parent is weak, the probability of risky behavior increases. On the other hand, if this emotional bond is strong, the probability of a problematic type of behavior decreases (2). Many research studies (3) show that emotional intelligence is a personal feature which develops from the parental relation with the child. Parental warmth and acceptance are expected to build higher emotional competence than parental aggression, indifference and undifferentiated rejection. Psychologists considered that low emotional intelligence

ниска емоционална интелигенција (компетентност) е една од карактеристиките на адолесцентите со деликвентно однесување (2). Ова истражување има цел да ги испита таквите односи кај македонските адолесценти со и без деликвентно однесување.

## Родителско прифаќање и одбивање и деликвенција

Иако беа предложени различни димензии на родителство (4), две клучни димензии, поддршката и контролата, се користат за да се оцени квалитетот на родителското однесување (5). Димензија на поддршка може да се претстави како голем број позитивни и негативни аспекти на однесувањето, како што се прифаќање, наклонетост, љубов, поддршка, топлина, одговорност, чувствителност, комуникација и интимност, но исто така и непријателство, занемарување и отфрлање (6, 7, 8, 9). Родителското однесување со давање поддршка е негативно поврзано со деликвенција, што покажува дека високото ниво на поддршка и топлина се поврзани со ниски нивоа на деликвентно однесување и дека ниските нивоа на поддршка, па дури и одбивање, се поврзани со висок степен на деликвенција (10–12). Родителското отфрлање може да се доживее со комбинација на која било од четирите главни експресии: 1. Ладни и неемоционални; 2. Непријателски и агресивни; 3. Рамнодушни и запоставувачки; 4. Неиздиференцирано отфрлање (13). Топлината и непријателството се однесуваат на внатрешните психолошки чувства на родителите, што значи дека родителите може да чувствуваат топлина за своите деца (или да бидат ладни, да не чувствуваат љубов) или може да чувствуваат непријателство, лутина, горчина, немир, иритабилност, нетрпеливост, антагонизам (13). Исто така, родителите може да бидат рамнодушни, несовесни или да имаат намалено чувство за физичките и емоционалните потреби на нивните деца (13). Исто така, родителите можат да испраќаат болни невербални симболични гестови спрема нивните деца. Врската помеѓу индиферентноста како внатрешен мотиватор и занемарувањето како одговор не е толку директна како врската меѓу непријателството и агресијата. Занемарувањето не е само скратување на материјалната и на физичката грижа за детето, но исто така ја одразува и

(competence) is one of the characteristic of adolescents with delinquent behavior (2). This research has the aim to verify these relations in Macedonian adolescents with and without delinquent behavior.

## Parents' acceptance and rejection and delinquency

Although various *parenting dimensions* have been proposed (4), two key dimensions – support and control – have been used to assess the quality of parenting behavior (5). The support dimension can be represented as a range of positive and negative behavioral aspects, such as acceptance, affection, love, support, warmth, responsiveness, sensitivity, communication and intimacy - but also hostility, neglect, and rejection (6, 7, 8, 9). Supportive parenting behaviors are negatively linked to delinquency, indicating that high levels of support and warmth are associated with low levels of delinquency and that low levels of support or even rejection are linked to high levels of delinquency (10–12). The parental rejection can be experienced in any combination of the four main expressions: 1. non-affective and cold, 2. hostile and aggressive, 3. indifferent and neglectful and 4. undifferentiated rejection (13). The warmth and hostility refer to internal psychological feelings of the parents, which means that parents can feel warmth for their children (or be cold, not feel love) or may feel hostility, anger, bitterness, restlessness, irritability, impatience, antagonism (13). Furthermore, parents may feel indifference, negligence or a reduced sense of the physical and emotional needs of their children (13).. Parents may also send painful nonverbal symbolic gestures to their children. The link between indifference as an internal motivator and negligence as a response is not that direct as the link between hostility and aggression. Negligence is not simply denying the material and physical care for the child, but it also reflects the inability of parents primarily to

неспособноста на родителите пред сè да одговорат на социјалните и емоционалните потреби на детето (4). Родителите кои ги занемаруваат своите деца, најчесто не обрнуваат внимание на нивните потреби за утеха, грижа, помош или внимание и тие можат да бидат недостапни во физичка и психолошка смисла. Сите овие однесувања, индивидуално или колективно, прават детето да се чувствува несакано или отфрлено.

## Емоционална интелигенција и деликвентност

Емоционалната интелигенција се состои од интеракција помеѓу емоциите и когницијата, што влијае на адаптивното функционирање (14). Поточно, адаптивното функционирање содржи вештини кои им овозможуваат на луѓето ефикасно и прецизно да обработуваат емоционално релевантни информации. Адаптивното функционирање го зголемува менталниот и психолошкиот развој; освен тоа, адаптивното функционирање ја намалува појавата на ментални и физички болести. Емоционалната интелигенција ги содржи следниве компоненти: (а) перцепција на емоциите кај себе и кај другите, (б) користење на емоциите за донесување одлуки и решавање проблеми, (в) разбирање на емоциите и (г) регулирање на емоциите кај себе и кај другите (15, 16). Бар он (17) смета дека емоционалната интелигенција се состои од емоционална самосвест, како и фактот дека од ефикасно користење или регулирање на емоциите произлегуваат разни вештини, како што се: ефикасни меѓучовечки односи, решавање проблеми и толеранција на стрес. Иако постојат и други конкурентни теории (што даваат објаснување на емоционалната интелигенција како особина наспроти способност), проучувајќи ја природата на емоционалната интелигенција, сепак, адаптивното функционирање на емоционална интелигенција е признаено и во двете теории. Свеста за емоциите или користењето сет на вештини што ќе доведат до ефективна комуникација и зајакнување на меѓучовечките односи се компатибилни со здравјето и приспособувањето на човекот. Истражувањата покажаа дека целокупната емоционална интелигенција е

respond to the social and emotional needs of the child (4). Parents, who neglect their children, often do not pay attention to their needs for comfort, care, help or attention and they may not be available in physical and psychological sense. All these behaviors, individually or collectively, make the child feel unwanted or rejected.

## Emotional intelligence and delinquency

Emotional intelligence consists of interaction between emotion and cognition that leads to adaptive functioning (14). Specifically, adaptive functioning includes skills that enable people to process effectively and accurately the emotionally relevant information. Adaptive functioning increases mental and psychological flourishing; moreover, adaptive functioning decreases mental and physical illness. The following components are observed in emotional intelligence: (a) perception of emotion in self and others, (b) using emotion for decision making and problem solving, (c) understanding emotions, and (d) regulating emotions in self and others (15, 16). Bar On (17) believes that emotional intelligence consists of emotional self-awareness as well as that various skills stem from effective use or regulation of emotions, such as effective interpersonal relationships, problem solving, and stress tolerance. Even though there are competing theories (explaining emotional intelligence as trait vs. abilities) in explaining the nature of emotional intelligence, adaptive functioning of emotional intelligence has been acknowledged in both. Awareness of emotions or using a set of skills that lead to effective communication and reinforcing of interpersonal relations are compatible with health and adjustment. Our conceptualization therefore defines emotional intelligence as a set of skills or competencies rather than personality traits. It is possible that people may differ in emotional intelligence for different kinds of emotions or that some individuals are better able to


DOI: 10.19057/jser.2017.26

индикатор за различни животни последици, вклучувајќи ги менталното и физичкото здравје (18). Во моментов постојат големи истражувачки студии што го покажуваат односот помеѓу емоционалната интелигенција и функционирањето на менталното здравје.

Адаптивната перцепција, употребата на емоциите за подобрување на когницијата, разбирањето на емоциите и регулирањето на емоциите може да придонесат за менталното и физичкото здравје на различни начини. Метјус, Зеиднер и Робертс (19) наведуваат дека нивото на емоционалната интелигенција може да има последици во ментални нарушувања. Промените во расположението и анксиозноста се примери на нарушувања, кај кои се јавува неадаптивната емоционална состојба како основен симптом (20). Подоброто разбирање на перцепцијата и управувањето со емоциите на оние со високо емоционална интелигенција може да спречат појава на неадаптивни емоционални состојби поврзани со нарушувањата како промена во расположението и анксиозност. Истражувањата покажаа дека луѓето со повисока емоционална интелигенција имаат повеќе позитивно расположение и се поспособни да го поправат расположението после индукција на негативно расположение (21). Недостатокот на свест за емоции и неможноста да управуваат со емоциите се клучни симптоми кои можат да доведат до одредени растројства на личноста и нарушувања на контролата на импулсите (20). Шуте и неговите соработници (21) пронајдоа врска помеѓу пониската емоционална интелигенција, немањето свесност за емоционалниот процес и проблемите за контрола на импулсите. Шуте и неговите соработници (21) утврдија негативен однос помеѓу емоционалната интелигенција и алекситимијата. Истражувањата покажуваат позитивна врска помеѓу емоционалната интелигенција и контролата на импулсите. И покрај силната основа за предвидување дека повисоката емоционална интелигенција ќе биде поврзана со подобро ментално здравје, во одредени околности повисоката емоционална интелигенција може да има неадаптивни последици. Петридес и Фурнхам (22) истакнуваат дека лицата со повисока емоционална интелигенција реагираат посилно

harness their emotional intelligence in social or other situations (14). Studies indicated that overall emotional intelligence is an indicator of various life outcomes, including mental and physical health (18). At present there are large research studies showing the relation between emotional intelligence and the functioning of mental health.

Adaptive perception, use of emotion to enhance cognition, understanding emotion, and regulating of emotion may contribute to mental and physical health in various ways. Mathews, Zeidner and Roberts (19) mentioned that levels of emotional intelligence may have implications on mental disorders. Mood swings and anxiety are examples of disorders that have maladaptive emotional state as core symptom (20). The better understanding of perception, and management of emotions of those with higher emotional intelligence may prevent development of maladaptive emotional states associated with mood and anxiety disorders. Studies have shown that individuals with a higher emotional intelligence have more positive mood and are better able to repair their mood after a negative mood induction (21). Lack of awareness of emotion and inability to manage emotions are key symptoms that may contribute to some personality disorders and impulse control disorders (20). Schutte and associates (21) found a link between lower emotional intelligence, lack of awareness of emotional process and impulse control problems. Schutte and associates (21) also found negative relation between emotional intelligence and alexithymia. Studies (22) supported positive relation between emotional intelligence and impulse control. In spite of the strong grounds for predicting that higher emotional intelligence would be related to better mental health, under certain circumstances higher emotional intelligence may have maladaptive consequences. Petrides and Furnham (22) found that individuals with higher emotional intelligence


DOI: 10.19057/jser.2017.26

на процесите на индукција на расположение, вклучувајќи и дека негативните реакции на дразбите поврзани со расположението можат да доведат до поголема вознемиреност во неповолни околности кај некои лица. Во принцип, емоционалната интелигенција е поврзана со аспектот на подобро психолошко функционирање (23, 24), вклучувајќи и интраперсонални фактори како што се поголем оптимизам, подобри општествени односи, поголема социјална поддршка и поголемо задоволство од социјалната поддршка (23), кои може да служат како амортизери за појавата на физичко заболување. Понатаму, лицата со повисока емоционална интелигенција се во можност подобро да се грижат за здравјето и се карактеризираат со повисока медицинска наобразба. Исто така, истражувањата откриваат дека компонентите на емоционалната интелигенција се негативно поврзани со соодветните психолошки симптоми и вознемиреноста (23, 25, 26, 27). Стиловите на справување и внатрешниот локус на контрола (28, 29) анксиозноста, разочарувањето, научената беспомошност и депресија (30, 31) се исто така негативно поврзани со емоционалната интелигенција. Иако наодите од истражувањата покажуваат дека квалитетот на емоционалната интелигенција е поврзан со бихевиоралните симптоми кај адолесцентите со деликвентно однесување, повеќето од овие истражувања се спроведени во САД и во европските земји (32). Како резултат на стилот на воспитување на децата во исламските земји, овие варијабли може да покажат поинаква шема на врски. Во таа насока, можеме да претпоставиме дека емоционалната интелигенција зависи од културните практики во кои се воспитуваат децата.

## Цел и хипотези на истражувањето

Целта на ова истражување е да се испита разликата во родителското прифаќање, родителското отфрлање и емоционалната интелигенција помеѓу адолесцентите со и без деликвентно однесување, како и да се испита поврзаноста на овие две варијабли кај адолесцентите со деликвентно однесување. Во таа насока, хипотезите на истражувањето се:

reacted more strongly to mood induction procedures, including that negative reactions to mood-related stimuli might lead to a greater distress under adverse circumstances in some individuals. In general, emotional intelligence is linked to the aspect of better psychosocial functioning (23; 24) including intrapersonal factors such as greater optimism, better social relationships, greater social support and higher satisfaction with social support (23) that may sever as buffers to physical illness. Furthermore, those with higher emotional intelligence might be better able to follow through on commitments to health behavior and show a better medical compliance. Moreover, researchers discovered that components of emotional intelligence are negatively linked to associated psychological symptoms and distresses (23, 25, 26, 27). Coping styles and internal locus of control (28, 29), anxiety, disappointment, learned helplessness and depression (30, 31) are also negatively associated with emotional intelligence. Although research findings show that the quality of emotional intelligence is related to behavioural symptoms in delinquent adolescents, most of these investigations have been conducted in the United States and European countries (32). Due to the child rearing style in Islamic countries, these variables may show different pattern of associations in these countries. In this direction it can be supposed that emotional intelligence depends on the cultural practices where the child was reared.

## Purpose and hypothesis of the research

The purpose of this research is to examine the difference in parental acceptance, parental rejection and emotional intelligence among adolescents with and without delinquent behavior, and to find a correlation between these two variables among adolescents with delinquent behavior. In that direction the hypotheses of this research are:


DOI: 10.19057/jser.2017.26

Х1. Адолесцентите со деликвентно однесување имаат пониска емоционална интелигенција отколку адолесцентите без деликвентно однесување.
Х2. Адолесцентите со деликвентно однесување доживуваат поголемо родителско отфрлање и помалку родителско прифаќање (од мајката и посебно од таткото) отколку адолесцентите без деликвентно однесување.
Х3. Емоционалната интелигенција е негативно поврзана со родителското прифаќање кај адолесцентите со деликвентно однесување.
Х4. Емоционалната интелигенција е позитивно поврзана со родителското прифаќање кај адолесцентите со деликвентно однесување.

## Методологија на истражувањето

*Учесници*

Примерокот на ова истражување го сочинуваат две групи на адолесценти. Првиот примерок е намерен, односно испитувани беа адолесценти кои веќе направиле прекршочно дело и издржуваат казна затвор за деца и/или се упатени во воспитно-поправен дом за воспитна мерка. Го сочинуваат 30 испитаници и сите се од машки пол. Треба да се нагласи дека во истражувањето беа опфатени сите штитеници кои издржуваа казна заради престапничко однесување, во тој период. Споменатите лица се на возраст од 14 до 18 години. Овие малолетни лица ја издржуваа казната затвор во затворот во градот Тетово (Р. Македонија). Вториот примерок го сочинуваат 40 испитаници од машки пол, ученици во Средното економско училиште „8 Септември" од Тетово, на возраст од 14 до 18 години. Овој примерок е составен по случаен избор.

*Инструменти*

Прашалникот за родителско прифаќање/одбивање ПАРКУ (12) е конструиран за мерење на индивидуалната перцепција на адолесцентите во однос на родителското прифаќање/одбивање. Во ова истражување е користена скратената верзија на оригиналниот прашалник, која содржи 24 ајтеми и има две паралелни форми, од кои едната се однесува на мајката, а другата на таткото. Секој ајтем од прашалникот содржи одреден опис на однесувањето

H1. Adolescents with delinquent behavior have lower emotional intelligence than adolescents without delinquent behavior.
H2. Adolescents with delinquent behavior experience greater parental rejection and less parental acceptance (mothers` and fathers` respectively) compared to adolescents without delinquent behavior.
H3. Emotional intelligence is negatively correlated with parental rejection among adolescents with delinquent behavior.
H4. Emotional intelligence is positively correlated with parental acceptance among adolescents with delinquent behavior.

## Research Methodology

*Participants*

The representative sample in this research was made up of two groups of adolescents. The first sample was intentional, i.e. it was comprised of 30 male respondents, who have already committed an offence and are detained in a children's prison and/or have been referred to an educational and correctional facility. It needs to be underlined that the research covered all wards serving a sentence due to delinquent behavior at that period. These persons were aged 14-18. The minors served their sentence in the Tetovo prison (R. Macedonia). The second sample was made up of 40 male respondents, pupils in the Secondary School of Economics "8th September" from Tetovo, aged 14-18. This was a random sample.

*Measures*

PARQ (Parental Acceptance/Rejection Questionnaire) (12) is a self-assessment tool designed to measure individual perception of adolescents in terms of parental acceptance/rejection. This research used a shortened version of the original questionnaire containing 24 items and having two parallel forms, one of which concerns the mother and the other one the father. Each item in the questionnaire contains a certain description of parents'

на родителите гледано од страна на децата. Задачата на испитаникот е за секое тврдење да одбере еден од предложените одговори (1 - никогаш, 2 - ретко, 3 - често, 4 - секогаш), во зависност од тоа во која мера тој проценува дека опишаното однесување одговара за неговите родители, во период кога тој бил на возраст помеѓу 7 и 12 години. Прашалникот е составен од 4 субскали кои ги мерат димензиите: родителска топлина/прифаќање (ТОП); родителска агресивност/непријателство (АГР); родителска индиферентност/занемарување (ИНД); родителско недиференцирано одбивање (НЕД). Релијабилноста на оригиналниот тест изнесува 0.91, додека во пилот-тестирањето изнесува Кронбахова алфа 0,82. Тестот е високо релијабилен и може да се користи во истражувачки цели.

За испитување на емоционалната интелигенција и нејзините компоненти е употребена кратката верзија од Прашалникот за мерење на емоционалната интелигенција (компетенција) ПЕК (33). Инструментот е конструиран по моделот на Мајер и Саловеј (34). Тој содржи 45 ајтеми што ја мерат генералната карактеристика на емоционалната интелигенција или компетентност. ПЕК - 45 содржи три субскали, и тоа: способност за перцепција и разбирање на емоциите, застапен со 15 ајтеми и внатрешна конзистентност од 0,85 до 0,90; способност за изразување на емоциите, застапен со 14 ајтеми и внатрешна конзистентност од α = 0,71 до 0,78; способност за регулација, контрола и управување со емоциите, застапен со 16 ајтеми и внатрешна конзистентност од 0,71 до 0,78 (на пилот-тестирањето). Кронбаховата алфа на оригиналниот прашалник изнесува 0.90. Секоја субскала претставува една од компонентите на емоционалната интелигенција. На ајтемите се одговара со запишување на степенот на согласување на петтостепената скала од Ликертов тип, при што се проценува развиеноста на сопствените способности во доменот на емоционалната интелигенција.

*Тек на истражувањето*

Испитувањето на првата група се одвиваше во периодот од декември 2015 до мај 2016 година, додека испитувањето на втората група испитаници се одвиваше во мај 2016 година. Најнапред, истражувањето

behavior from the viewpoint of the respondent. The respondent's task is to choose one of the proposed answers (1 – never, 2 – rarely, 3 – often, 4 – always) for every claim), depending on the extent to which he believes the described behavior corresponds to his parents in the period when he was between the age of 7 and 12. The questionnaire is composed of 4 subscales measuring the dimensions: Parental warmth/acceptance (WAR); Parental aggression/hostility (AGR); Parental indifference/neglect (IND); Parental undifferentiated rejection (UND). The original PARQ test reliability is Cronbach`s α = .91, and in the pilot testing it was α = .82. The test is highly reliable and can be used for research purposes.

The short version of the Questionnaire for Measuring Emotional Intelligence (competence) PEQ (33) was used for the purpose of measuring emotional intelligence and its components. The shortened version of the questionnaire, authored by Vladimir Taksić (33), is constructed based on the model of Mayer and Salovey (34). It contains 45 items measuring the general characteristics of emotional intelligence or competence. PEQ-45 contains three subscales, including: ability of perceiving and understanding emotions, represented by 15 items and internal consistency of α = .85 to .90; ability to express emotions, represented by 14 items and internal consistency of .71 to .78; ability to regulate, control and manage emotions, represented by 16 items and internal consistency of α = .71 to .78 (in pilot testing). Cronbach alpha in the original scale is .90. Each subscale represents one of the components of emotional intelligence. The items are answered by writing down the extent of agreement on a five-level Likert-type scale, estimating the development of capabilities in the area of emotional intelligence.

*Course of research*

The examination of the first group took place from December 2015 to May 2016, while the examination of the second group of respondents was in May 2016. First, the survey was conducted on minors serving a prison sentence


DOI: 10.19057/jser.2017.26

беше спроведено врз малолетниците кои се наоѓаат на издржување казна затвор или воспитна мерка. Инструментите им беа задавани индивидуално поради безбедносни причини, во воспитувачката канцаларија на КПУ Затвор - Охрид, каде се спроведе истражувањето на оваа група испитаници. Во просек, траеше околу 2 часа при што им беа давани упатства за пополнување на прашалниците, како и објаснувања за нивното пополнување бидејќи често бараа дополнителни објаснувања за одделни прашања, што беше причина за продолжување на времето на испитување.

Испитувањето на втората група се одвиваше групно, за време на редовната настава, откако машките ученици беа ослободени од своите професори за пополнување на прашалниците. После едноставното објаснување на целта на испитувањето и мотивирањето на испитаниците, преминавме на примена на инструментите. Беше користена една од училниците на Средното економско училиште „8 Септември“ - Тетово за спроведување на планираното испитување. На сите испитаници им беше истакнато дека тестирањето е анонимно и добиена е дозвола од родителите.

## Резултати

Во табелата 1 се прикажани резултатите од разликите на проценките на перципираното прифаќање/одбивање од мајката на адолесцентите со и без деликвентно однесување. Резултатите за топлината и прифаќањето покажуваат дека адолесцентите со деликвентно однесување значајно перципираат помала топлина и прифаќање од мајката, отколку нивните врсници кои не манифестираат деликвентно однесување. Во однос на перципираната агресивност, индиферентност и неиздиференцирано одбивање кај мајката забележливо е дека малолетниците кои манифестираат деликвентно однесување перципираат повисоко одбивање од мајката (изразено преку споменатите облици) одошто малолетниците кои не манифестираат деликвентно однесување.

